**Тања КИРОСКА ФИЛИЌ** **УДК: 329:324 (497.5)**

# ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИЗБОРЕН СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

**Апстракт:** Во овој труд се анализира политичкиот систем на Република Хрватска со посебен фокус на поставеноста и стуктурата на политичките партии и изборите во оваа земја. Во трудот се врши ретроспективна анализа на повеќепартискиот систем во Р.Хрватска од 90-тите години на минатиот век, вклучувајќи го периодот на независност, сè до последните избори кои се одржани во 2016 година. Претходно се анализира структурата на политичките партии, нивната идеологија и програмска определба.
**Клучни зборови:** *избори, изборен модел, Хрватска, политички партии*

**Tanja KIROSKA FILIKJ**

# POLITICAL PARTIES AND ELECTION SYSTEM IN REPUBLIC OF CROATIA

**Abstract:** In this paper we are analising the political system of Republic of Croatia, with special focus on the position and structure of political parties and the elections in this country. In the paper we are making retrospective analyses of Croatian multyparty system from the 1990-ies, including the indipendance period, to the last elections in 2016. Previously, we are analyzing the structure of the political parties, their ideology and programs.
**Keywords:** *Elections, election model, Croatia, political parties*

## Вовед

### Историја на повеќепартискиот систем во модерна Хрватска

По падот на комунистичкиот блок во Источна Европа, на подрачјето на Југославија дојде време на социополитички промени. Во текот на 1989 година т.н. политичка алтернатива, која не е дел од Сојузот на комунистите, бара промени во насока на демократизација и либерализација на општеството, транзиција кон пазарна економија и конечно во политички плурализам, односно повеќепартиски систем. Хрватскиот Сојузот на комунистите се реформира и либерализира и на крајот од 1989 година овозможува и одржување на повеќепартиски избори и одлучи за легализација на партиите кои настанаа истата година. До првите избори, одржани во април и јуни 1990 година, во Хрватска настанале триесет и три политички партии, од кои најважни се Хрватската демократска

заедница (во понатамошниот текст ХДЗ), Хрватскиот социјал-либерален сојуз и реформираниот Сојуз на комунисти на Хрватска која го промени своето име во Сојуз на комунисти на Хрватска - Партија за демократски промени.[1]

***Хрватската демократска заедница (ХДЗ)***

Хрватската демократска заедница е основана на 17 јуни 1989 година, во просториите на ФК „Борец" на Јарун во Загреб. На овој прв собир за претседател на партијата е именуван д-р Фрањо Туѓман. Од тесните просториите на фудбалскиот клуб, ХДЗ го започна својот политички раст и успех. На следните парламентарни избори во 1990 година тој освои 60% од местата во Парламентот на Хрватска (Politicke stranke Repulici Hrvatskoj, 2011; http://www.hdz.hr/o-nama, http://www.hdz.hr/mi-smo/povijest).[2]

***Социјалдемократската партија на Хрватска (СДП)***

Социјалдемократската партија на Хрватска (во понатамошниот текст СДП) е политичка партија на левиот центар и една од двете најсилни партии во Хрватска од својата независност. Придружена членка е на Европската социјалистичка партија (ПЕС). Партијата е правен наследник на Хрватскиот сојуз на комунисти - владејачката политичка организација во еднопартиската Социјалистичка Република Хрватска - што е ноќта меѓу 1 и 2 август 1937 година, како дел од Комунистичката партија на

---

1) За историјатот на хрватската политичка сцена во периодот помеѓу двете светски војни повеќе види кај Маткович, 2004. Во периодот од независноста до денес, во однос на изборниот систем во Хрватска доаѓа до еволуција од доминантно и умерено-мнозински изборен систем, во чист пропорционален изборен систем за претставниците на Парламентот, со распределба на мандатите согласно Донтовиот метод (Vrcan, 2002).

2) Хрватската демократска заедница доминира на политичката сцена во Хрватска во периодот од прогласувањето на независноста до крајот на 90-тите години. Причините се бараат во рамките на идеолошката ориентација на парijата, во период на внатрешна дестабилизаца, војна и обид за реинтеграција на териториите во кои хрватската држава нема политичка контрола и фактичка власт (периодот на Татковинската војна). По поразот на изборите во 2000 година, паралелно со надворешниот притисок, ХДЗ ја реформира својата внатрешна партиска структура (Pickering and Baskin, 2008). Случајот на успех и стагнација на ХДЗ може да се разгледа низ три фази од кои е детерминирана политичката мобилизација и изборните резултати. Првата фаза се поврзува со изборниот успех на ХДЗ во 90-тите, кога во периодот на политичка и општествена трансформација основната цел на партијата е национална консолидација и градење на нацијата, проследено со силните харизматски карактеристики на лидерот, проследено со јавниот дискурс насочен против другите. Во втората и третата фаза, кои следат по политичкиот пораз на изборите во 2000 год. партијата се реформира, од класично десната идеологија кон десен центар, при што станува поумерена, со приоретизирање на социјални и економски прашања, што е надополнето со интернационализацијата и градењето на соработка со соодветните партии од Европската Унија (Haughton and Fisher, 2008).

Југославија и под името Комунистичката партија на Хрватска основана од 16 - 19 присутни делегати. Како организациски секретар на КПЈ, Јосип Броз Тито работи на создавањето на КП Хрватска и КП Словенија. Формирањето на КП Хрватска се врши според упатствата на Коминтерната, која во тоа време сметала дека постојат изгледи за распад на Југославија; со воспоставување на посебни комунистички организации во Хрватска требало да бидат подготвени и за таква можност. Во следниот период комунистите, наместо деградација на Југославија ја трансформираа земјата во федерација под нивна власт, во која Хрватска има статус на земја со многу ограничен суверенитет. Одреден дел од членовите на оваа партија имаат направено многу за да се задржи хрватската национална идеја со преземање на значителен ризик во усвојувањето на Декларацијата за името и положбата на хрватскиот јазик во 1967 година и за лансирање на т.н. Хрватска пролет од почетокот на 70-тите години на минатиот век. На 3 ноември 1990 година, раководството на таа партија го декларира неговото Социјалдемократско определување и одлучи да продолжи да функционира како партија во едно демократско (повеќепартиско) политичко општество (Politicke stranke Repulici Hrvatskoj, 2011; ttp://www.sdp.hr/).

***Хрватската социјално-либерална партија (ХСЛС)***

Хрватската социјално-либерална партија (во понатамошниот текст ХСЛС) е основана на основачкото собрание во Загреб на 20 мај 1989 година под името Хрватски социјално-либерален сојуз. Меѓу основачите беше Велимир Терзич - како дел од тогашниот Социјалистички сојуз на работниот народ на Хрватска (SSRNH), ХСЛС дејствувал од 2 октомври 1989 година. Оттогаш партијата има добиено согласност да дејствува слободно во рамките SSRNH. ХСЛС беше првата демократска политичка партија основана во Хрватска за време на комунистичкиот режим. На 24 март 1990 година, на Годишното генерално собрание ХСЛС го смени своето име во Хрватска социјално-либерална партија (Politicke stranke Repulici Hrvatskoj, 2011).

***Екстремна десница во Хрватска***

Екстремната десница во Хрватска во 90-тите години од минатиот век се поврзува со периодот на Татковинската војна и националната консолидација и настанува како реакција на дотогашниот монопол кој што го имаат комунистичките партии. Екстремната десница покрај националистичката патриотска агенда во својата идеологија примарно се повикува на фашистичкото историско наследство во периодот на Втората светска војна. Денес оваа струја има многу слабо влијание на хрватската политичка сцена, а по реформирањето на ХДЗ во 2000 година и нејзината проевропска ориентација, ставовите на екстремната десница главно се

застапувани од неколку поважни организации, како на пример: Хрватски национален отпор – Алијанса на автономни социјалисти, Хрватски национален фронт и Хрватска чиста партија за права (Obucina, 2012).

***Први парламентарни избори во Хрватска***

Првите повеќепартиски избори беа спроведени според мнозински изборен модел. Ова значи дека земјата беше поделена на изборни единици, кои избираат еден претставник.[3] Во Општествено-политичкиот совет се бираа 80, во Советот на здружен труд 156 во Советот на општините 115 пратеници; вкупно се бираа 351 пратеници во Парламентот СР Хрватска. За пратеник е избран кандидатот за кого се гласало со мнозинство гласови (повеќе од половина) од избирачите кои се приклучиле (излегле) на изборите, под услов бројот на добиени гласови да не е помалку од една третина од вкупниот број на запишани избирачи во изборната единица. Ако ниеден кандидат не го добие потребниот број на гласови, изборите се повторуваат за 14 дена (втор круг, како што беше случајот). А во вториот круг можат да учествуваат кандидатите кои во првиот круг (првото гласање) добиле најмалку 7% од гласовите на гласачите кои излегле на изборите. Во вториот круг од изборите за пратеник е избран кандидатот кој добил најголем број на гласови во негова полза.




Првата седница на Парламентот на Хрватска (1990 до 1992 г.):

[3] За разлика од Хрватска, која е поделена во 11 изборни области, во Србија е формирана една единствена национална изборна единица, а Словенија е поделена во осум изборни единици. Битно е да се напомене дека во Србија и во Хрватска граѓаните гласат за партиите со помош на затворена партиска листа, а додека во Словенија граѓаните се поставени да избираат по преференцијален редослед (Zakon o izboru narodnih poslanika u Narodnu Skupština Republike Srbije član 34. Source: http://www.transparentnost.org.rs/dokumenti/2905zoinp-d04.html; Zakon oizborima zastupnika u Hrvatski sabor član 56. Source: http://www.zakon.hr/z/355/Zakon-o-izborima-zastupnika-uHrvatski-sabor и Zakon o državnom izbornom povjerenstvu član 11. Source: http://www.zakon.hr/z/354/Zakon-o-dr%C5%-BEavnom-izbornom-povjerenstvu).

- Хрватска демократска заедница (205);
- Сојузот на комунисти Хрватска - Партија за демократски промени (107);
- Коалиција на национален договор (21);
- Српската демократска партија (5);
- Независни пратеници и претставници на националните малцинства (13).

На изборите учествувале партиите индивидуално и во коалиции.

Меѓу поголемите партии независно излезе Хрватската демократска заедница (ХДЗ), Хрватската селанска партија (ХСС), Сојузот на комунисти Хрватска - Партија за демократски промени (СКХ-СДП) и Социјалистичката партија на Хрватска (СПХ).

Во Коалицијата на Националниот договорот биле Хрватската социјално-либерална партија (ХСЛС), Дражен Будише, СДСХ (Антун Вујиќ) ХКДХ (Иван Цезар), Хрватската демократска партија (ХДП) (Марко Веселица и Владимир Веселица) и непартиски личности Савка Дапчевиќ-Кучар, Мико Трипало и други.

Во трката за 351 пратеничко место учествуваа 1.705 кандидати, 33 политички партии и 16 различни здруженија.

Со 42% добиени гласови ХДЗ освои 205 (58%) на седишта. Втор најдобар резултат има СКХ-СДП со 26% од гласовите и 107 места (30%). Потоа следи Коалицијата на национален договор (КНД) со 15% од гласовите и 21 места (5,9%). Последната партија која го поминала изботниот праг беше Српската демократска партија (СДС) со 1,6% од гласовите и освои 5 пратеници (1,4 проценти од мандатите). Остатокот од мандатите отиде во независни кандидати и националните малцинства.

Врз основа на резултатите од изборите на 30 мај истата година е конституиран првиот повеќепартиски парламент - ден кој до 2001 година се славел како Ден на независноста. Тоа Собрание донесе многу историски важни одлуки, вклучувајќи го и Хрватскиот устав на 22 декември 1990 година и Уставната одлука за самостојност и независност на 25 јуни 1991 година и Одлуката за престанок на државноправни врски со поранешна Југославија 8 октомври 1991 година, со која Хрватска и де факто стана самостојна и независна држава (Duric, D., B. Munjin, S.Spanovic, 1990).[4]

4) Споредбено со земјите од соседството на Хрватска, Србија и Словенија во сите три земји парламентарните избори се иницираат од страна на претседателот, меѓутоа постапката се разликува со тоа што во Хрватска изборите треба да се одржат во рок од 60 дена пред истекот на мандатот на претседателот, во Србија распуштањето на Собранието е во рок од 90 дена пред истекот на мандатот на пратениците, а изборите се одржуваат 60 дена од распуштањето. Во Словенија се оржуваат помеѓу 75 и 135 дена пред истекот на мандатот (Ustav Republike Srbije član 101; **Ustav Republike Hrvatske, cl. 73;** Zakon o volitvah v državni zbor člen 15).

**Структура и внатрешна организација на партите во Р. Хрватска**

***ХДЗ***

Хрватската демократска заедница е централната партија на хрватскиот народ со јасни програмски цели, која ги претставува интересите на граѓаните чии верувања се врз основа на принципите на демократијата и христијанските вредности, и која е наследство на европскиот цивилизациски круг.

Стратешка рамка за акција на партијата се утврдува на централните тела, односно од страна на креаторите на политиката на ХДЗ. Претседателството, Националниот совет и на Централниот комитет. Членка на Европската народна партија. Надворешната политика и насочена кон Централна Европа.

ХДЗ е народна партија, која ги здружува сите слоеви на хрватскиот народ и останатите граѓани на Хрватска, чија програма се базира на патриотизам, принципите на демократијата и христијанската цивилизација и други вредности кои се во традицијата на хрватскиот народ.

(2) ХДЗ е народна и социјална партија, бидејќи таа ги претставува интересите на сите општествени слоеви.

(3) ХДЗ е современа партија, затоа што ги зема предвид современите достигнувања на современата цивилизација.

(4) ХДЗ е слободарска партија, бидејќи таа ја промовира идејата за систем на слобода за секого и секаде.

(5) ХДЗ е национална и државотворна партија поради тоа што ги промовира хрватските национални интереси, ја чува традицијата и идентитетот на хрватскиот народ и на вредноста на борбата за татковината.

(6) ХДЗ е европска партија поради тоа што ги има прифатено европските стандарди и иднината на хрватскиот народ го гледа во Европа (Statut Hrvatske demokratske zajednice- integralna verzija, 2016).

***СДП***

Социјалдемократската партија во своето име промовира социјалдемократијата, што исто така е нејзината насока на дејствување. Во нејзината работа промовира почит кон хуманоста, човечкото достоинство, права и слободи, без оглед на човековиот поглед кон светот, религијата и етничката припадност, возраст, пол, сексуална ориентација, политичко убедување и социјалниот статус. Остварување и заштита на правата на работниците, луѓе кои живеат од работа и врз основа на нивната работа. Афирмација на правата и слободите на маргинализираните и обесправените лица, групи и слоеви, афирмација на родовата еднаквост:

- ги застапува и гарантира правата на луѓето во здравството, образованието, социјалната заштита, трудовото право, семејното и други права;

- одржлив економски развој, со рамномерен развој на урбаните и руралните средини, како и зачувување на културниот и социјалниот идентитет;
- остварување на социјална и национална рамноправност на граѓаните и нивните колективи во Република Хрватска;
- остварување на демократскиот политички и правен поредок во земјата и остварување на владеењето на правото и социјална правда;
- развивање на плуралистичко, праведно и солидарно општество со висок квалитет на живот за сите работници и општествените класи;
- почитување на антифашизмот како цивилизациско достигнување на модерниот свет;
- хармоничен и забрзан општествен развој;
- воспоставување на социјална, економска и политичка основа за подобрување на локалната самоуправа и балансирање на регионалниот развој; развој, улога и одговорностите на големите градови како носители на комплементарниот развој;
- заштита на културното и природното наследство и животната средина (Statut Socijaldemokratske partije Hrvatske, 2012).

***ХСЛС***

Хрватската социјално-либерална партија им припаѓа на либералните партии. Таа е посветена на либералната економија. ХСЛС делува на територијата на Р. Хрватска. ХСЛС соработува и со своите членови, поддржувачи и симпатизери надвор од територијата на Република Хрватска, како и со организации основани во странство, во согласност со правниот поредок на одредена странска држава. Согласно со Статутот ХСЛС може да се поврзе и тесно да соработува со политичка и неполитичка организација во Хрватска и во странство. Исто така може да се приклучи/зачлени во меѓународна политичка и неполитичка организација. Највисоко тело во партијата е Централниот совет и тој ги носи одлуките. ХСЛС е првата хрватска политичка партија, која стана членка на некои од врвните светски политичките партии. Во 1992 година ХСЛС стана соработник, а во 1994 година е полноправен член на Либералната интернационала (*Liberal International, LI*), една светска организација на либерално-демократски партии. Покрај неа, член е и на Европската либерална, демократска и реформска партија *(European Liberal Democrat and Reform Party, ELDR)* со седиште во Брисел (Statut Hrvatske socijalno-liberalne stranke, 2009).

**Финансирање на партиите во Хрватска**

Финансирањето на изборниот процес во Хрватска е регулирано долги години, врз основа на Законот за политичките партии од 1993

година, кој се однесува на сеопфатно регулирање на политичките партии, а само во неколку членови се споменува финансирање. Потоа, во 2004 година, е усвоен Законот за финансирање на изборната кампања за избор на претседател на Хрватска, со кој е регулирано исклучиво прашањето за финансирање на изборните активности на кандидатите за претседател на државата. На крајот од 2006 година конечно беше донесен Законот за финансирање на политичките партии, независните листи и кандидати, со кој финансирањето на политичките партии за првпат беше уредено како сеопфатен проблем.[5]

Со проблемот на финансирање на политичките партии повеќе време се занимаваат голем број невладини организации, како што се ГОНГ, Transparency International, а во почетокот на 2000 година беше особено забележлив ефектот на Хрватскиот правен центар. Здруженијата создадоа сеопфатен предлог-закон за регулирање на работата на политичките партии, во кој финансирањето на партиите и изборите имаше голем удел. Предлог-законот беше дискутиран во хрватскиот парламент, но не е усвоен како рамка за регулирање на работата на партиите.

Прашањето за финансирање на тековното работење на политичките партии и на трошоците потребни во изборните кампањи одамна го привлече вниманието на голем број актери кои учествуваат во креирањето на политики, како што се ОБСЕ и Европската комисија. ОБСЕ во септември 2006 година беше коорганизатор на дебата во Парламентот на Хрватска за финансирање на политичките партии во Хрватска, на која учествувале сите релевантни чинители во креирањето на политиките за финансирање партии и избори во Хрватска. Европската комисија, пак, во своите извештаи за напредокот на Република Хрватска неколку пати јасно укажува на обврска да се регулира финансирањето на изборните кампањи.

Дали е претходната регулатива доволна за да се обезбеди транспарентно финансирање на политичките партии и избори? Со новото законодавство, особено Законот од 2006 година, од една страна, е направен чекор напред, бидејќи за првпат е прецизирано, на пример, максималниот износ на средства кои можат да ги добијат политички партии - индивидуални донации во износ од 90.000 куни и правни лица во износ од 1.000.000 куни (член 4), и извори кои не може да се користат за финансирање (член 15), но тоа не е доволно[6] (**Закон за финансирање на**

---

5) Според истражувањето на Петар Копецки, најпроблематичен дел во спроведувањето на Хрватските избори до 2006 година е токму финансирањето на политичките партии. Притоа е оценето дека не постои изграден систем на регулација на политичките партии, а индексот на корупција на политичките партии е на средно ниво и изнесува 3,8 (Kopecky, 2006).

6) Пробемот на регулација на изборното финансирање на политичките партии во Хрватска, според одредени истражувачи, се поврзува со можноста за супервизија и

**политички активности и изборни кампањи, Правилник за начинот на водење евиденција и издавање на потврда за доброволен прилог (донација) и членарина, извештаи за примени донации за изборна кампања и извештаи за трошоците (расходи) за изборна кампања и финансиски извештаи за финансирање на изборната кампања** (Zakonom o političkim aktivnostima i financiranju izborne promidžbe, 2014; **Pravilnik o načinu vođenja evidencija i izdavanja potvrda o primitku dobrovoljnih priloga (donacija) i članarina, izvješćima o primljenim donacijama za financiranje izborne promidžbe i izvješća o troškovima (rashodima) izborne promidžbe te financijskim izvještajima za financiranje izborne promidžbe, 2013**).

**Организација на политичките партии**

Според Уставот, формирањето на политички партии е слободно (чл.6). Внатрешната организација на политичките партии треба да биде во согласност со основните уставни демократски принципи, партиите мора да го објавуваат потеклото на нивните средства и имот.

Противуставни се политичките партии кои со своите програми или насилни активности имаат за цел да го уништат слободниот демократски поредок или го загрозуваат постоењето на Р. Хрватска. За неуставност одлучува Уставниот суд на Република Хрватска.

Една политичка партија можат да основаат најмалку 100 возрасни работоспособни граѓани на Република Хрватска. Член на политичка партија може да стане, под истите услови утврдени со Статутот, секој полнолетен и работноспособен државјанин на Република Хрватска.

Политичките партии се запишуваат во регистар. На денот на запишување во регистарот на политичка партија, таа стекнува својство на правно лице. Регистарот на политички партии го води министерството надлежно за административни работи. Регистарот на политичките партии е јавен (**Ustav Republike Hrvatske, 2010).**

***ХДЗ***

Хрватската демократска заедница е организирана на регионален принцип. ХДЗ се состои од локални организации, т.е. гранки, општински или градски организации и регионални организации и организации на

контрола на финансирањето на политичките партии, кое сè уште е сконцентрирано во рамките на надлежноста што ја има Државната канцеларија за ревизија и даночна управа. Проблематизирањето на оваа државна институција, пред сè, се однесува на неможноста во краток временски период да се направи контрола на финансирањето на партиите во рамките на изборните циклуси, пред сè поради големиот обем на работа што институцијата го има во останатите сектори на делување, но и реалната можност од политички влијанија. Поради тоа се препорачува контролата дополнително да се врши од независна овластена ревизорска фирма, пракса која функционира во некои други држави (Matakovic i Petak, 2010).

ХДЗ градот Загреб и организацијата на ХДЗ во странство.

Доколку не постојат услови за основање на гранки во општинските, односно градските организации на ХДЗ, исклучително се воспоставува единствена општинска или градска организација на ХДЗ како основна организација на ХДЗ. Одлуката за основање на огранок ја носи општинскиот или градски одбор на ХДЗ, кога бројот на членови на општинската или градската организација ХДЗ ќе ја надмине бројката од најмалку 50 членови, под услов гранките да мора да имаат не помалку од 5 члена. Гранки се основани во принцип за областа на еден месен комитет или повеќе места, или делови од градот, или за област на одредена изборна единица. Во поголемите градови коишто се организирани на урбани региони или квартови како единици на локалната самоуправа може да се воспостави регионална организација на ХДЗ, во чиј состав влегуваат сите локални гранки на ХДЗ од областите на соодветниот регион или кварт (Statut Hrvatske demokratske zajednice- integralna verzija, 2016).

***СДП***

СДП е единствена политичка организација која го покрива целото членство и сите организациски форми на СДП на хрватска територија. СДП во правниот промет делува како едно правно лице. Органите на СДП се: Конвенција, Главен одбор, претседател, Претседателство, Надзорен одбор. Во склоп на овие тела, Конвенцијата избира претседатели на СДП. Во СДП делуваат: главен секретар и Секретаријат, Деловен одбор и деловен директор како извршно-оперативно тело на Главниот одбор, Централниот совет како политичко советодавно тело и форуми (здруженија) - како интересно-политички форми на организација на општествените групи.

Конвенцијата на Социјалдемократска партија е највисок орган на Партијата. Конвенција на Социјалдемократската партија може да биде изборна и известувачко-тематска. Изборната конвенција се одржува обично еднаш во четири години и задолжително по изборите за Хрватскиот парламент. Известувачко-тематската конвенција се одржува еднаш годишно. Изборната конвенцијата по спроведените избори за Парламентот на Хрватска мора да се одржи во рок од 150 дена од денот на официјалното објавување на резултатите од изборите. Конвенцијата ја свикува претседателот на СДП врз основа на одлуката на Централниот комитет. Одлуката на Централниот комитет содржи правила за начинот на избор и на бројот на членови на Конвенцијата, предлог на дневниот ред и теми и извештаи за Конвенцијата. Главниот одбор донесува одлука за начинот на избор и на бројот на членови на Конвенцијата, земајќи ги предвид бројот на членови на СДП, бројот и процентот на гласови постигнат на парламентарните избори во општините и градовите, и резултатите од

гласањето во жупаниите во однос на изборните резултати на државно ниво од изборите. Одлуката за свикување на Конвенција се објавува најмалку еден месец пред одржавање на изборната Конвенција, а најмалку 15 дена пред Известувачко-тематската конвенција. Претседателот е должен да ја свика Конвенција кога тоа од него го бара Централниот одбор, Надзорниот одбор или најмалку пет жупански (регионални) одбори на СДП. Ако претседателот на СДП не постапи во согласност со претходниот став, во рок од еден месец, Конвенција може да биде свикана од страна на овластениот предлагач, кој тогаш ја подготвува и раководи со работата на Конвенцијата. Претседателот може да ја свика Конвенцијата доколку оцени дека на Централниот одбор со своите одлуки ги крши Статутот и Програмата на СДП. Конвенцијата на Социјалдемократската партија:

- ги носи Програмата и Статутот на партијата;
- донесува одлуки, декларации и други акти во рамките на својата надлежност;
- ги утврдува насоките и ставовите на партијата;
- избира потпретседатели;
- избира членови на Претседателството;
- избрани членови на Централниот одбор;
- избира членови на Надзорниот одбор;
- го разгледува (расправа) и го прифаќа поднесениот извештај за работата на претседателот, Претседателството на Централниот одбор и на Надзорниот одбор;
- одлучува за доверба на претседателот и заменикот на партијата, членовите на Претседателството и за распуштање на Централниот одбор и на Надзорниот одбор во согласност со Статутот;
- донесува деловник за работа;
- разгледува и други прашања во врска со активностите на партијата. Во случаи кога Конвенцијата ќе изгласа недоверба или ќе распушти некои од гореспомнатите органи, мандатот на тој орган престанува, а на истата Конвенција се избира ново тело или се донесува одлука за започнување на постапката за избор на претседател СДП (http://www.sdp.hr/o-sdp-u/dokumenti/; http://www.sdp.hr/o-sdp-u/struktura/).

***ХСЛС***

ХСЛС е организирана врз територијален принцип и организационите форми на ХСЛС, по правило, ја следат територијалната поделба на Република Хрватска, и тоа: гранка на ХСЛС се регистрира на територијата на општина, односно градот или населба (кварт) во градот Загреб; месен огранок на ХСЛС се регистрира на територијата на еден или повеќе месни одбори; Жупанска организација на ХСЛС се основа на подрачјето на жупанијата; Градска организација на ХСЛС за Град Загреб се основа

на територијата на жупаниите на Град Загреб. Огранокот е основната организациска форма на ХСЛС. Членовите на ХСЛС во општините и градовите каде што не постои огранок се членови на огранокот на ХСЛС во соседната општина. За формирање на огранок на ХСЛС се потребни седум припадници на ХСЛС. Основачкото собрание на огранок на ХСЛС го свикува жупанскиот совет, Претседателството на ХСЛС или претседателот на ХСЛС. Огранокот на ХСЛС во согласност со одлуките на надлежните органи и функционери ХСЛС дејствува самостојно на неговата територија. Ограноците на ХСЛС, во согласност со закон и релевантните одлуки на централните органи на ХСЛС, самостојно ги водат своите финансиски и материјали средства. Тела на огранок на ХСЛС се: Собрание, Извршен одбор и Надзорен одбор. Телата на огранокот на ХСЛС носат деловник за својата работа. Телата на огранокот на ХСЛС водат евиденција и документација во согласност со упатствата на Дирекцијата за ХСЛС. Телата на огранокот на ХСЛС се должни да известуваат за својата работа пред директорот на ХСЛС и претседателот на жупанискиот совет на ХСЛС. Собранието на огранокот на ХСЛС како најголемо програмско и изборно тело на ХСЛС:

1. донесува програма за работа на огранокот за периодот помеѓу две собранија;
2. ги утврдува и носи правилата на работа на огранокот;
3. ги именува и разрешува претседателот и еден или повеќе заменици на претседателот, секретар и благајник на огранокот;
4. ги именува и разрешува членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на огранокот;
5. одлучува за прифаќање на извештајот на претседателот за работа на огранокот во периодот помеѓу две собранија;
6. одлучува за разрешување на членовите на Извршниот одбор по предлог на претседателот на огранокот. Сите членови на огранокот на ХСЛС мора да бидат најмалку седум дена претходно писмено известени и информирани за местото и времето на одржување и предлогот на дневниот ред на Собранието на огранокот. Собранието на огранокот е составено од членовите на огранокот кои се регистрирале во верификациската комисија на Собранието, но не помалку од седум членови на огранокот. Ако Собранието не го прифати извештајот на претседателот за работата на огранокот во периодот помеѓу две собранија на огранокот на ХСЛС, на претседателот на огранокот на ХСЛС му престанува мандатот. Ако изборното собрание на огранокот по која било причина не избере претседател на огранокот, Извршниот одбор на огранокот избира вршител на должноста претседател на огранокот на ХСЛС, со мнозинство гласови на сите членови на извршниот одбор на

огранокот и свикува изборно собрание на огранокот кое треба да се одржи во рок од три месеци. Собранието на огранокот го свикува претседателот на огранокот или вршителот на должноста претседател на огранокот, врз основа на одлуката на Извршниот одбор. Изборното собрание на огранокот се одржува најмалку еднаш во четири години. Во случај изборната седница на огранокот да не се одржи во рок од четири години од денот на претходното одржано изборно седница на огранокот, изборното собрание го свикува на состанок жупанискиот претседател и претседателот на ХСЛС и за тоа го известува директорот на ХСЛС. Изборното Собрание на огранокот од претходниот став ќе се одржи не подоцна од 60 дена по истекот на рокот од став 3 на овој член. Извршниот комитет на огранокот на ХСЛС е извршно политичко тело на огранокот на ХСЛС. Извршниот комитет на огранок го сочинуваат претседател, еден или повеќе потпретседатели, секретар, благајник, претседателот на огранокот, со 3-15 членови избрани на собранието на огранокот, како и градоначалникот односно општинските градоначалници и нивни заменици, сите членови на ХСЛС во Советот на општината, Градскиот совет, односно советот на градските квартови на Загреб. Членовите на Извршниот комитет се задолжени за одредени тематски области (Statut Hrvatske socijalno-liberalne stranke, 2009).

**Организација на избори во 2015 година**

Пратениците на Парламентот на Хрватска се избираат на непосредни избори, со тајно гласање. Мандатот им трае четири години.

Редовните избори за пратеници во Парламентот на Хрватска се одржуваат на секои четири години. Одлука за распишување на изборите носи хрватскиот претседател.

Правото на гласање на изборите им припаѓа на сите полнолетни граѓани на Република Хрватска.

Правото да бидат бирани за пратениците им припаѓа на сите полнолетни граѓани на Република Хрватска, без оглед на местото на живеење. Изборите се спроведуваат на избирачки места на територијата на Хрватска и на избирачките места во седиштата на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Хрватска. Гласачите можат да гласаат и на посебни избирачки места кои се определуваат за гласачи кои живеат во Република Хрватска но на денот на изборите се наоѓаат во служба на хрватските вооружени сили; избирачите кои на денот на гласањето се во мировните операции и мисии; гласачите кои се членови на екипажите на поморски и речни хрватски бродови и се наоѓаат надвор од нејзините граници, на пловечки објекти во внатрешните води и територијалните морски води на Хрватска; избирачите кои се сместени

во институции за социјална заштита и гласачи лишени од слобода.

Листа за избор на пратеници може независно да поднесе една политичка партија или две или повеќе политички партии кои на денот на правосилноста на одлуката за распишување на изборите се регистрирани во Република Хрватска (коалициска листа) и гласачи. Политичките партии и гласачите предлагаат листи на кандидати врз основа валидно собрани потписи од избирачи.

Во согласност со Уставниот закон за национални малцинства, националните малцинства кои се соодветно застапени во вкупната популација на Р. Хрватска имаат право на осум пратеници во Парламентот на Хрватска и тие се бираат во посебна изборна единица. Право да номинираат кандидати за пратеници на националните малцинства и нивни заменици имаат политички партии регистрирани во Република Хрватска, гласачите и здруженија на националните малцинства. Кандидатите се предлагаат врз основа на валидни потписи собрани од гласачи.[7]

Органи кои ги спроведуваат изборите се: Државната изборна комисија на Република Хрватска, изборните комисии, градските и општинските изборни комисии и избирачките одбори.

Изборната кампања започнува на денот на објавувањето на колективните листи на изборни единици, а завршува 24 часа пред денот на изборите. На денот пред изборите и на денот на изборите до затворање на гласачките места во 19 часот не е дозволена изборна кампања, ниту објавување на прелиминарни резултати или проценка на изборните резултати.

Подрачјата за изборни единици се уредени со посебен закон. Во десет изборни единици се бираат по 14 пратеници. Гласачите без постојано место на живеење во Хрватска бираат 3 пратеници во посебна изборна единица, а гласачите припадници на националните малцинства бираат вкупно 8 пратеници во посебна изборна единица.

Пратениците во I - XI изборна единица се избираат со пропорционална застапеност и преференцијално гласање. Гласачите можат да гласаат само за една листа на кандидати. Гласачот на гласачкото ливче може да означи еден кандидат кој има предност во однос на другите кандидати на листата за која гласа (преферирап глас).[8]

---

7) Постои дилема околу соодветноста на моделот на политичка репрезентативност на помалите малцински заедници во Република Хрватска. Ова било особено изразено во периодот на Татковинската војна, кога силно е изразен процесот на етнификација на политичката сцена. Сепак во одредени анализи, особено по реформирањето на ХДЗ во 2000 година, се тврди дека етничката дистанца се намалува, аваквиот претставнички модел на национално ниво е оценет како позитивен пример на интеграција на малцинствата (Petričušić, 2008).

8) Критиката на ваквиот изборен модел се однесува на неможноста на малите политички

Во XII изборна единица е избран оној кандидат кој ќе освои најголем број на гласови. Ако два или повеќе кандидати имаат ист (најголем) број на гласови, изборите се повторуваат.

Проценка на однесувањето на учесниците во изборите во текот на изборната кампања и изборите и надворешна управна контрола на изборната кампања врши Етичка комисија назначена од страна на Уставен суд на Хрватска.

Уставноста и законитоста на избор на пратеници во Парламентот на Хрватска ја надгледува хрватскиот Уставен суд во согласност со Уставниот закон за Уставниот суд на Република Хрватска и одлучува за изборните спорови кои не се во надлежност на судовите, решавајќи по жалбите против одлуките на надлежните изборни комисии.

Правото да го набљудуваат изборниот процес го имаат и набљудувачи од политичките партии, гласачите кои предложиле независна листа или кандидат, невладини организации и странски набљудувачи. Правото на набљудување го вклучува набљудувањето на целиот изборен процес **(Zakon o izborima zastupnika u Hrvatski sabor-precisten tekst, 2015; Zakon o izbornim jedinicama za izbor zastupnika u Zastupnički dom Hrvatskog državnog sabora, 1999;** Izborni etički kodeks, 2013**; Zakon o političkim strankama, 2007)**.[9]

**Заклучок**

Во Република Хрватска во последните 25 години постои повеќепартиски ситем. Структурата на повеќепартискиот систем ја пресликува доминацијата на два поголеми политички субјекти, идеолошки ориентирани кон левиот и десниот центар. Исто така, природата на политичкиот систем допушта постоење на помали политички партии кои можат да имаат свои застапници во Парламентот на Хрватска, а потекнуваат од политичките субјекти на етничките малцинства.

Критиката на партискиот систем во Р.Хрватска во прв ред се однесува на финансирањето на политичките партии, при што постои недостаток од транспарентност. Исто така, изборниот модел кој предвидува праг од 5%

---

партии да го поминат изборниот цензус од 5%, особено ако се има предвид дека не постои една изборна единица. Ваквиот модел им одговара на поголемите политички партии. Поради тоа е потребна реформа на постоечкиот пропорционален Донтов метод (Palic, 2012).

9) Според резултатите од парламентарните избори спроведени во 2015 година, во Парламентот е застапена следната слика на претставнички мандати: Татковинска коалиција со 59 мандати, Коалицијата Хрватска расте со 56 мандати, Коалицијата Мост-независна листа со 19 мандати, Локалната коалиција, Истарски демократски парламент и Приморско-горански сојуз со три мандати, Хрватски демократски сојуз на Славонија и Барања со два мандати, и два мандата за коалицијата Милан Бандич 365, Жив ѕид еден мандат и Успешна Хрватска еден мандат, останатите осум мандати се распределени на партите на малцинствата (www.izbori.hr).

со повеќе изборни единици и примена на Донтовиот метод не допушта помалите политички субјекти да имаат свои застапници во законодавниот дом.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


[1] Duric, D., B Munjin I S. Spanovic (1990). *Stranke u Hrvatskoj*. Zagreb: Radnicke novine.

[2] Haughton, Tim and Sharon Fisher (2008). From the politics of state-building to programmatic politics: The Post-Federal Experience and the Development of Centre–Right Party Politics in Croatia and Slovakia. In, *Party politics*, Vol. 14. No.4, Los Angeles, London, New Delhi, Singapore: SAGE Publications, pp. 435–454.

[3] Kopecký, Petr (2006). Political parties and the state in post-communist Europe: The nature of symbiosis, In *Journal of Communist Studies and Transition Politics*, Vol. 22, No 3, pp. 251-273, DOI: 10.1080/13523270600855654.

[4] Matakovic, Hrvoje i Zdravko Petak (2010). Regulacija financiranja stranaka i izbora: usporedna analiza Hrvatske, Njemačke i Nizozemske, U *Politička misao*, god. 47, br. 2, str. 85-109.

[5] Matković, Hrvoje (2009). Studije iz novije hrvatske povijesti, Golden marketing – Tehnička knjiga.

[6] Obucina, Vedran (2012). Right – wing exstremism in Croatia. Zagreb: Friedrihebert stiftung.

[7] Palić, Mato (1012). Ucinci primjene razmjernog sustava u Republici Hrvatskoj. U *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu*, god. 49, 1., str. 49.-58.

[8] Petričušić, Antonija (2008). The Role of Political Parties in Minority Participation in Croatia. In *Political Parties and Minority Participation*. Skopje: Friedrich Ebert Stiftung, pp. 49-87.

[9] Pickeringa, Paula M. and Mark Baskin (2008). What is to be done? Succession from the League of Communists of Croatia. In *Communist and Post-Communist Studies* vol. 41, pp. 521-540.

[10] Politicke stranke Repulici Hrvatskoj, HRVATSKA INFORMACIJSKO-DOKUMENTACIJSKA REFERALNA AGENCIJA, 2011.

[11] Vrcan, Srđan (2002). Izbori u Hrvatskoj devedesetih: simptomatičan slučaj ili anomalija?. U Dragica Vujadinović, Lino Veljak, Vladimir Goati i Veselin Pavićević (urs), Između autoritarizma i demokratije: Srbija, Crna Gora i Hrvatska, Knjiga I Institucionalni okvir. Beograd, Podgorica, Zagreb: CTCSR, CEDET, CEDEM, str. 229-46.

***Поважни правни акти и интернет страници***

- **Izborni etički kodeks** (Narodne novine broj 136/99, 178/03, 115/07, 129/11, 35/13) http://www.izbori.hr/ws/index.html?documentId=69180C57BDC2830AC1257C5C004BF67B (преземено на 20.8.2016 год.).
- **Pravila o postupanju elektroničkih medija s nacionalnom koncesijom u Republici Hrvatskoj tijekom izborne promidžbe** (Narodne novine broj 165/03, 105/07 i 118/14) http://www.izbori.hr/ws/index.html?documentId=69180C57BDC2830AC1257C5C004BF67B (преземено на 20.8.2016 год.).
- **Pravilnik o načinu vođenja evidencija i izdavanja potvrda o primitku dobrovoljnih priloga (donacija) i članarina, izvješćima o primljenim donacijama za financiranje izborne promidžbe i izvješća o troškovima (rashodima) izborne promidžbe te financijskim izvještajima za financiranje izborne promidžbe** (Narodne novine broj 50/11, 93/11 i 55/13), 2013, http://www.izbori.hr/ws/index.html?documentId=69180C57BDC2830AC1257C5C004BF67B, (преземено на 5.8.2016 год.). http://www.tportal.hr/ResourceManager/GetImage.aspx?imgId=842857&shotId=1&width=205&height=205 http://hslsnovska.com/wp-content/uploads/2014/09/HSLS_Statut_2009.pdf
- Statut Socijaldemokratske partije Hrvatske, 2012, http://www.sdp.hr/o-sdp-u/dokumenti/, (преземено на 15.8.2016 год.).
- Statut Hrvatske demokratske zajednice-integralna verzija, 2016, http://www.hdz.hr/mi-smo/statut, (преземено на 15.8.2016 год.).
- Statut Hrvatske socijalno-liberalne stranke, 2009, www.hsls.hr/wp-content/uploads/2016/03/statut-hsls-a.pdf (преземено на 12.8.2016 год.).
- **Ustav Republike Hrvatske** (Narodne novine broj 56/90, 135/97, 8/98 – proč. tekst, 113/00,124/00 – proč. tekst, 28/01, 41/01 – proč. tekst, 55/01 – ispr., 76/10 i 85/10 – proč. tekst), **2010,** http://www.izbori.hr/ws/index.html?documentId=69180C57BDC2830AC1257C5C004BF67B**,** (**преземено** на 5.8. 2016 год.).
- Ustav Republike Srbije član 101; http://www.ustavni.sud.rs/page/view/139-100028/ustav-republike-srbije (преземено на 18.10.2016 год.).
- Zakon o volitvah v državni zbor člen 15;http://www.dvk-rs.si/index.php/si/zakonodaja/zakoni (преземено на 18.10.2016 год.).
- Zakonom o političkim aktivnostima i financiranju izborne promidžbe („Narodne novine“, broj: 24/11, 61/11,27/13, 48/13-proč. tekst, 2/14, 2013, http://www.izbori.hr/ws/index.html?documentId=69180C57BDC2830AC1257C5C004BF67B) (преземено на 12.8.2016 год.).

- **Zakon o izbornim jedinicama za izbor zastupnika u Zastupnički dom Hrvatskog državnog sabora** (Narodne novine broj 116/99), http://www.izbori.hr/ws/index.html?documentId=69180C57BDC2830AC1257C5C004BF67B (преземено на 20.8.2016 год.).
- **Zakon o političkim strankama** (Narodne novine broj 76/93, 111/96, 164/98, 36/01 i 1/07 – v. čl. 28).(преземено на 20.8.2016 год.).
- Zakona o financiranju političkih stranaka, nezavisnih lista i kandidata – prestale važiti odredbe glave III. Zakona o političkim strankama) http://www.izbori.hr/ws/index.html?documentId=69180C57BDC2830AC1257C5C004BF67B
- http://www.izbori.hr/ws/index.html?documentId=69180C57BDC2830AC1257C5C004BF67B
- http://www.tportal.hr/ResourceManager/GetImage.aspx?imgId=842857&shotId=1&width=205&height=205 (преземено на 20.8.2016 год.).
- Zakon o izboru narodnih poslanika u Narodnu Skupština Republike Srbije član 34. http://www.transparentnost.org.rs/dokumenti/2905zoinp-d04.html (преземено на 18.10.2016 год.).
- Zakon oizborima zastupnika u Hrvatski sabor član 56. Source: http://www.zakon.hr/z/355/Zakon-o-izborima-zastupnika-uHrvatski-sabor (преземено на 18.10.2016 год.).
- Zakon o državnom izbornom povjerenstvu član 11. Source: http://www.zakon.hr/z/354/Zakon-o-dr%C5%BEavnom-izbornom-povjerenstvu (преземено на 18.10.2016 год.).
- Веб-страница на ХДЗ, http://www.hdz.hr/mi-smo/povijest (преземено на 12.8.2016 год.).